# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

**Службен весник на РМ, бр. 133 од 03.11.2009 година**

### Член 1

Во Законот за даночна постапка ("Службен весник на Република Македонија” број 13/2006, 88/2008, 159/2008 и 105/2009), во членот 43 ставот (4) се менува и гласи:

„Ако даночниот управен акт се обработува механографски, односно во електронска форма наместо потпис и печат содржи факсимил, односно електронски потпис согласно со закон.‟

### Член 2

Во членот 111-а став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: ”поради објективни околности кои настанале непосредно пред доставувањето на барањето”.

По ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член продолжувањето на достасаноста може да биде и без гаранција, за даночните обврзници кои во претходниот даночен период немаат даночни долгови.

(4) Продолжувањето на достасаноста од ставот (3) на овој член може да биде најмногу до 90 дена.

(5) За времетраењето на продолжената достасаност на плаќањето на данокот не се пресметува камата.”

### Член 3

Во членот 111-в став (2) бројот "250%” се заменува со бројот "100%”, а бројот "100%” се заменува со бројот "75%”.

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.